Годишно обраќање на Сервисеа за 2024

Почитувани клиенти, партнери и поддржувачи на Сервисеа,

Осмислувајќи ги темите за секое наше годишно обраќање, се навраќаме назад и се потсеќаме на условите под кои Сервисеа беше формирана. Приказната на Сервисеа ја почнавме во скоро невозможни услови за отпочнување бизнис, во година која никој нема да ја памети по ништо друго освен по пандемијата која го зафати светот. Од почетокот ни беше нејасно каде води патот, но мисијата беше секогаш јасна и непроменлива. Скоро пет години подоцна, преку макотрпна работа, усовршување на услугите, но и секојдневно докажување дека припаѓаме во македонската бизнис сфера, Сервисеа цврсто гази напред кон нови победи.

Традиционално, првото и најважно место во освртот за 2024 го посветуваме на нашите клиенти. Вие сте причината поради која овде гордо стоиме веќе петта година и за тоа Ви благодариме.

Оваа година нашите услуги беа навистина барани и во секој еден момент Сервисеа работеше преку 30 активни предмети за наши клиенти. Сервисеа при работењето на секој од нив го внесе своето целосно знаење и умешност. Со секој еден сработен предмет нашите услуги се сé покомплетни, а нашите знаења за правниот и административен апарат на Македонија сé подлабоки. Ова наше знаење е всушност главното нешто што клиентите го добиваат при соработката со нас.

Паралелно, соработката со Сервисеа на нашите клиенти им отвара единствен пристап кон неверојатниот број партнери кои ги имаме стекнато низ заеднички проекти во текот на овие 5 години. Нашата партнерска мрежа и во 2024 година продолжи да расте и да ја збогатува понудата на Сервисеа. Освен Сервисеа Проперти, нашата агенција за недвижнини која ги дополнува услугите на Сервисеа во таа област, соработуваме со адвокати и адвокатски друштва, проектанти, геодети, архитекти, вешти лица од разни области, но и голем број агенции, државни и општински институции.

Servisea

Од позначајните сработени предмети за 2024 ќе ја издвоиме соработката со неколку правни лица. Се надеваме дека овој тренд ќе продолжи и дека многу повеќе фирми и институции ќе сфатат дека патот кон комплетна правна заштита не мора да води преку сопствено вработување на комплетна правна служба. Услугите на Сервисеа се флексибилни, опфаќаат многу поширок опсег од она што може да го покрие сопствена правна служба, а можеби најзначајно, се многу финансиски подостапни од постоечките алтернативи.

Развојот на Сервисеа продолжува понатаму и останува наша основна задача. Оваа година ревносно ги ревидиравме сите корисни текстови објавени досега, вршејќи потребни исправки и актуелизации. Сегментот Корисни Текстови останува клучен дел од нашето работење и пружа бесплатна правна поддршка на сите наши сограѓани, не само на клиентите на Сервисеа.

Исто така, во 2024 ја завршивме англиската верзија на нашата веб страница, што ни донесе комплетно нова група на клиенти и клиентски прашања. Тоа доведе и до засилена соработка со странски субјекти, но и голем број македонци од странство. Нашата понуда на услуги го рефлектира токму овој факт, со ново додадени услуги за странски инвестиции во Македонија и постапки за визи.

2024 беше позитивна година во однос на деловното работење. Пред нас е нова година во која имаме десетици идеи и замисли за работењето на Сервисеа. Се надеваме ќе оствариме доволно од нив за годишното обраќање за 2025 да е сумаризација на многу успеси и деловни победи.

Сервисеа Ви благодари за сета доверба укажана досега и Ви посакува среќни Новогодишни и Божиќни празници!

Со почит,

Мартина, Даша, Виктор, Ивица



Сервисеа ДОО